Врз основа на член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), член 18 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности (бр.01-7492/10 од 30.04.2013, бр.01-548/8 од 30.01.2015година, „Службен весник на Република Македонија“бр. 173/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20), а согласно член 8 од Политика за создавање на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр.0204-12218/1 од 24.08.2021 година, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1410-13014/1
15-09 20..год.
СКОПЈЕ

# ПРОЦЕДУРА
# ЗА ПРАВОТО НА ПРИСТАП И ИСПРАВКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Со оваа процедура се пропишува начинот на постапување при приемот, прегледувањето и распоредувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци од страна на субјектите на личните податоци.

## 1.Право на пристап и потврда за обработување на лични податоци

Субјектот на личните податоци има право да добие потврда дали се обработуваат неговите лични податоци или лични податоци за него .

Потврдата за обработување на лични податоци содржи:

- категориите на лични податоци кои се обработуваат;
-корисниците или категориите на корисници на кои се откриени или ќе бидат откриени личните податоци, особено корисниците во трети земји или меѓународни организации;
-предвидениот рок за кој ќе се чуваат личните податоци, а ако тоа не е возможно, критериумите што се користат за одредување на тој период;
-постоењето на право да се бара од страна на контролорот исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на личните податоци поврзани со субјектот на личните податоци, или право на приговор против таквата обработка;
-правото на поднесување на барање до Агенцијата согласно со членот 97 од Законот за заштита на лични податоци;
- кога личните податоци не се собираат од субјектот на личните податоци, сите достапни информации за нивниот извор;
-постоењето на автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето согласно со членот 26 ставови (1) и (4) од Законот за заштита на лични податоци и најмалку во оние случаи, кога е вклучена значајна информација за логиката на обработката, како и значењето и предвидените последици од таквата обработка за субјектот на личните податоци.

Агенцијата за катастар на недвижности е должна да обезбеди копија од личните податоци што се обработуваат.

Правото да се добие копија не смее да влијае негативно врз правата и слободите на другите физички лица.

Ако субјектот на личните податоци поднесе барање по електронски пат, на субјектот на личните податоци информациите му се доставуваат на начин кој се користи во случај на електронска форма, освен ако субјектот на личните податоци не побарал поинаку.

Образецот на Барањето за правото на пристап и исправка до личните податоци е дадено во прилог на оваа процедура.

## 2. Прием на предмети и постапка

Агенцијата за катастар на недвижности, приемот на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектите на личните податоци го врши во писарницата на Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности-Скопје и Одделенија за катастар на недвижности (во понатамошен текст АКН, ЦКН и ОКН), во која се вршат работите за канцелариско и архивско работење во АКН, ЦКН и ОКН (во натамошниот текст: архива).

По заведувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектите на личните податоци, сите предмети истиот ден по приемот се доставуваат за работа до државниот службеник кој работи на одговор на овие барања на субјектите на лични податоци во АКН, ЦКН и ОКН.

Доставувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци се врши преку интерната доставна книга на АКН, ЦКН и ОКН.

Примањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци за работа, државниот службеник кој го работи предметот го потврдува со ставање на датум и потпис во интерната доставна книга.

Испраќањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци се врши преку архивата на АКН, ЦКН и ОКН преку пошта.

## 3.Чување и архивирање на предмети

Предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци се чуваат во метални заклучени ормани, до кои пристап и дозвола за користење има само архиварот во АКН, ЦКН и ОКН. Просторијата во која се сместени металните ормани е опремена со

клима уред и ПП апарати и истата овозможува заштита од влага, температура, непосредна сончева светлина и од други видови оштетување.

За архивирање на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци се применуваат прописите за архивска граѓа.

## 4. Објава

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на ВЕБ страницата на АКН .

ДИРЕКТОР

-----------------------------------

м-р Борис Гунцев